| JDB Реконструкција на дел 2 од улица 8 ми Септември во Градск | 11.317.416 | 11.317.416 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.317.416 | 11.317.416 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **11.317.416** | **11.317.416** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **11.317.416** | **11.317.416** |
| 482 Други градежни објекти | 11.317.416 | 11.317.416 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 11.317.416 | 11.317.416 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **85.787.195** | **81.149.823** | **460.000** | **261.712** | **49.535.444** | **48.320.088** | **2.340.310** | **2.340.310** | **0** | **0** | **138.122.949** | **132.071.933** |
| JG0 ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ | 10.973.861 | 10.658.974 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.973.861 | 10.658.974 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **10.973.861** | **10.658.974** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **10.973.861** | **10.658.974** |
| 482 Други градежни објекти | 10.973.861 | 10.658.974 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.973.861 | 10.658.974 |

## ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

**Ниво на: Ставка**

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **85.787.195** | **81.149.823** | **460.000** | **261.712** | **49.535.444** | **48.320.088** | **2.340.310** | **2.340.310** | **0** | **0** | **138.122.949** | **132.071.933** |
| JK0 ЈАВНА ЧИСТОТА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ) | 1.859.925 | 1.859.925 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.859.925 | 1.859.925 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **1.859.925** | **1.859.925** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.859.925** | **1.859.925** |
| 480 Купување на опрема и машини | 1.859.925 | 1.859.925 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.859.925 | 1.859.925 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **85.787.195** | **81.149.823** | **460.000** | **261.712** | **49.535.444** | **48.320.088** | **2.340.310** | **2.340.310** | **0** | **0** | **138.122.949** | **132.071.933** |
| К40 КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО | 2.169.750 | 1.972.414 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.169.750 | 1.972.414 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **669.750** | **472.414** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **669.750** | **472.414** |
| 425 Договорни услуги | 328.000 | 299.064 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 328.000 | 299.064 |
| 426 Други тековни расходи | 341.750 | 173.350 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 341.750 | 173.350 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **1.500.000** | **1.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.500.000** | **1.500.000** |
| 464 Разни трансфери | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.500.000 | 1.500.000 |

## ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

### Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **85.787.195** | **81.149.823** | **460.000** | **261.712** | **49.535.444** | **48.320.088** | **2.340.310** | **2.340.310** | **0** | **0** | **138.122.949** | **132.071.933** |
| L00 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА | 370.000 | 368.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 370.000 | 368.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **370.000** | **368.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **370.000** | **368.000** |
| 463 Трансфери до невладини организации | 370.000 | 368.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 370.000 | 368.000 |

## ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

### Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **85.787.195** | **81.149.823** | **460.000** | **261.712** | **49.535.444** | **48.320.088** | **2.340.310** | **2.340.310** | **0** | **0** | **138.122.949** | **132.071.933** |
| LA0 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.466.134 | 1.466.134 | 0 | 0 | 1.466.134 | 1.466.134 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.466.134** | **1.466.134** | **0** | **0** | **1.466.134** | **1.466.134** |
| 482 Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.466.134 | 1.466.134 | 0 | 0 | 1.466.134 | 1.466.134 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 85.787.195 | 81.149.823 | 460.000 | 261.712 | 49.535.444 | 48.320.088 | 2.340.310 | 2.340.310 | 0 | 0 | 138.122.949 | 132.071.933 |
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | 2.250.000 | 2.063.959 | 460.000 | 261.712 | 49.535.444 | 48.320.088 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52.245.444 | 50.645.759 |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **33.140.691** | **33.056.424** | **0** | **0** | **0** | **0** | **33.140.691** | **33.056.424** |
| 401 Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.414.299 | 23.383.008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.414.299 | 23.383.008 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.076.392 | 9.067.188 | 0 | 0 | 0 | 0 | 9.076.392 | 9.067.188 |
| 404 Надоместоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 650.000 | 606.228 | 0 | 0 | 0 | 0 | 650.000 | 606.228 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **2.250.000** | **2.063.959** | **460.000** | **261.712** | **10.299.306** | **10.275.018** | **0** | **0** | **0** | **0** | **13.009.306** | **12.600.689** |
| 420 Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 60.000 | 14.700 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.000 | 14.700 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 20.000 | 0 | 2.981.404 | 2.980.687 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.001.404 | 2.980.687 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 2.250.000 | 2.063.959 | 10.000 | 7.012 | 974.018 | 966.678 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.234.018 | 3.037.649 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.061.010 | 2.055.577 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.061.010 | 2.055.577 |
| 425 Договорни услуги | 0 | 0 | 360.000 | 240.000 | 3.933.587 | 3.926.725 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.293.587 | 4.166.725 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 0 | 10.000 | 0 | 349.287 | 345.351 | 0 | 0 | 0 | 0 | 359.287 | 345.351 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **464.180** | **464.180** | **0** | **0** | **0** | **0** | **464.180** | **464.180** |
| 464 Разни трансфери | 0 | 0 | 0 | 0 | 464.180 | 464.180 | 0 | 0 | 0 | 0 | 464.180 | 464.180 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.631.267** | **4.524.466** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.631.267** | **4.524.466** |
| 480 Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.786.779 | 1.059.979 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.786.779 | 1.059.979 |
| 482 Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.444.488 | 2.444.488 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.444.488 | 2.444.488 |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.400.000 | 1.019.999 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.400.000 | 1.019.999 |

## ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

### Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **85.787.195** | **81.149.823** | **460.000** | **261.712** | **49.535.444** | **48.320.088** | **2.340.310** | **2.340.310** | **0** | **0** | **138.122.949** | **132.071.933** |
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| NAA ПроШирување и доградба на ООУ Даме Груев Градско со но | 6.678.757 | 5.091.699 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.678.757 | 5.091.699 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **6.678.757** | **5.091.699** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.678.757** | **5.091.699** |
| 482 Други градежни објекти | 6.678.757 | 5.091.699 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.678.757 | 5.091.699 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија<br>Ставка<br>Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **85.787.195** | **81.149.823** | **460.000** | **261.712** | **49.535.444** | **48.320.088** | **2.340.310** | **2.340.310** | **0** | **0** | **138.122.949** | **132.071.933** |
| Q00 ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 426 Други тековни расходи | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 85.787.195 | 81.149.823 | 460.000 | 261.712 | 49.535.444 | 48.320.088 | 2.340.310 | 2.340.310 | 0 | 0 | 138.122.949 | 132.071.933 |
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ | 360.000 | 334.783 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360.000 | 334.783 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | **360.000** | **334.783** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **360.000** | **334.783** |
| 426 Други тековни расходи | 360.000 | 334.783 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360.000 | 334.783 |

# ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка / Потставка — О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | **85.787.195** | **81.149.823** | **460.000** | **261.712** | **49.535.444** | **48.320.088** | **2.340.310** | **2.340.310** | **0** | **0** | **138.122.949** | **132.071.933** |
| X10 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | 30.000 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 30.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **30.000** | **30.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **30.000** | **30.000** |
| 464 Разни трансфери | 30.000 | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 | 30.000 |

**17.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај на Општина Градско за 2025 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Годишниот извештај на Општина Градско за 2025 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/3
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и “Службен весник на РСМ.” бр.202/24), член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.61/2004, 96/2004,22/2007, 67/2007, 156/09, 47/11, 192/15, 209/2018 и “Службен весник на РСМ” бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/2024 и 37/2025) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр.2/06, 7/21, 4/22 и 11/23) Советот на Општина Градско на 8 (осмата) седница одржана на ден 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Годишниот извештај на Општина Градско за 2025 година**

**Член 1**

Советот на Општина Градско го усвои Годишниот извештај на Општина Градско за 2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-123/5
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

# ОПШТИНА ГРАДСКО

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ГРАДСКО ЗА 2025 ГОДИНА

Предлагач:
Градоначалник на Општина Градско
Киро Нацков

Изготвил:
Одделение за финансиски прашања
Елена Смилкова

*Градско, Февруари 2026 година*

Содржина:

- Вовед____________________________________________________________

- Годишна сметка / наративен дел
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капителните и блок дотации, дотациите за делегирани надлежности
- Извештај за реализација на средствата од резервите
- Прилози
- Бруто биланс сметка Буџет
- Бруто биланс сметка Орган

## 1.ВОВЕД

### Основни податоци за Општината

Број на жители: 3.233 жители
Површина и населени места : Нејзината територија зафаќа површина 290 km², со 16 населени места од кои 10 се активни села.

Територијата на Општина Градско се наоѓа во средното Повардарие, односно од двете страни на реката Вардар пред влезот во Тиквешката Котлина во средишниот дел на Македонија. Целата територија на Општина Градско е сместена во долината на Вардар, а токму во Општина Градско во реката Вардар се влеваат двете нејзини најголеми притоки, Брегалница од левата и Црна Река од десната страна. Ова укажува на поволната хидрографска состојба во Општината што е пак главна причина и услов за одличните услови и развој на градинарството. Во западниот дел на Општина Градско се протега планината Клепа, на која се развиени идеални услови за сточарство.

### Надлежност

Согласно одредбите на Законот за локална самоуправа и Статутот на општина Градско во кои е уредено вршењето на работите од јавен интерес, како и работите кои не се исклучени од надлежност на општините или не се во надлежност на државните органи, Општината врши работи од јавен интерес од локално значење. Во таа насока надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки зазаштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални па- тишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културнитеустанови и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Буџет и Одлука за извршување на Буџетот на Општината**

Претпоставките врз основа на кои се заснива подготвувањето на Буџетот на Општина Градско произлегуваат од законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Градско, Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002 и Службен весник на РСМ бр.202/2024), Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.61/2004, 96/2004,22/2007, 67/2007, 156/09, 47/11, 192/15, 209/2018 и “Службен весник на РСМ” бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/2024 и 37/2025), Законот на Буџетите (“Службен весник на РМ” бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16, и “Службен весник на РСМ” бр.151/21, 3/25 и 258/25) макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за поготовка на Буџетот за 2025 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија.

Советот на Општина Градско на 42 седница одржана на ден 25.12.2024 година, го донесе Буџетот на Општина Градско за 2025 година со бр.08-458/5. На истата седница е донесена и Одлуката за извршување на буџетот на Општина Градско за 2025 година со бр.08-458/6.

Во текот на 2025 година се донесени три Одлуки за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2025 година и тоа: Одлука за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2025 година (прв ребаланс) со бр.08-225/3 на 47-та седница одржана на ден 15.05.2025 година, Одлука за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2025 година (втор ребаланс) со бр.08-320/5 на 49-тата седница одржана на ден 28.07.2025 година и Одлука за измена и дополнувања на Буџетот на Општина Градско за 2025 година (трет ребаланс) со бр.08-407/4 на 3-тата седница одржана на ден 10.11.2025 година .

Усвоена е и една Измена на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2025 година со бр.08-51/4 од 29.01.2025 година донесена на 43-тата седница на совет.

## 2.БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

## ГОДИШНА СМЕТКА ЗА 2025 ГОДИНА

### 2.1.ПРИХОДИ НА ОПШТИНАТА

Успешноста на планирањето се согледува низ споредбени показатели или сооднос на планираните и реализираните приходи во буџетот.

Тие показатели ќе ја дадат и оценката за успешноста во работењето на даночната администрација и наплатата на сопствените општински приходи, како и напорите кои ги прават органите на општина Градско со цел обезбедување на дополнителни средства од програмите на надлежните министерства и донации од земјата и странство со што би се реализирале одредени проекти потребни за општината.

**Вкупните приходи на Општина Градско планирани се на износ од 138.122.949,00 денари и реализирани во текот на 2025 година во висина од 134.606.897,00 денари или 97,45%.**

## На сметката Основен буџет 2025 година на Општина Градско планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **85.787.195** | **83.684.649** | **97,55** |
| **71 Даночни приходи** | **7.933.793** | **9.797.733** | **123,49** |
| 711 Данок од доход, добивка и капитални добивки | 1.186.000 | 1.469.332 | 123,89 |
| 713 Даноци на имот | 2.530.000 | 3.763.859 | 148,77 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 4.017.793 | 4.564.542 | 113,61 |
| 718 Такси на користење или дозволи за вршење дејност | 200.000 | 0 | 0 |
| **72 Неданочни приходи** | **355.400** | **410.408** | **115,48** |
| 722 Глоби, судски и административни такси | 80.000 | 110.007 | 137,51 |
| 725 Други неданочни приходи | 275.400 | 300.401 | 109,08 |
| **73 Капитални приходи** | **17.200.083** | **19.133.475** | **111,24** |
| 733 Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 17.200.083 | 19.133.475 | 111,24 |
| **74 Трансфери и донации** | **60.297.919** | **54.343.033** | **90,12** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 60.279.919 | 54.343.033 | 90,15 |




***сл.1 Вкупни приходи на сметка на Основен буџет на Општина Градско за 2025 година***

*Графички вкупните приходи на основниот буџет се прикажани на слика 1. Од сликата можат да се утврдат позитивните и/или негативните трендови на планирање или отстапувања доколку за истите се утврди дека ги има.*

### 71 Планираните даночни приходи се остварени со 123,49%

Ставка 711 - Данок од доход, од добивка, и од капитални добивки, од планираните 1.186.000,00 денари од вкупниот буџет, отварени приходи се во износ од 1.469.332,00 денари или 123,89%.

Ставка 713 - Данок на имот од планираните во вкупниот буџет 2.530.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 3.763.859,00 денари или 148,77%.

Ставка 717 - Данок на специфични услуги од планираните 4.017.793,00 денари остварени приходи се во износ од 4.564.542,00 денари или 113,61%.

Ставка 718 - Такси на користење или дозволи за вршење дејност планирани се 200.000,00 но нема реализација по овој вид на приход.

**72 Планираните неданочни приходи се остварени со 115.48%**

Ставка 722 - Глоби, судски и административни такси од планираните 80.000,00 денари, остварени приходи се во износ од 110.007,00 денари или 137,51%.
Ставка 725 - Други неданочни приходи од планираните 275.400,00 денари, остварени приходи се во износ од 300.401,00 денари или 109,08%.

**73 Планираните капитални приходи остварени се со 111,24%**

Ставка 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања планирани средства се 17.200.083,00 денари, а остварени се приходи од 19.133.475,00 денари или 111,24%.

**74 Планираните трансфери и донации оставарени се со 90,12%**

Ставка 741-Трансфери од други нивоа на власт од планираните 60.279.919,00 денари, остварени се приходи во износ од 54.343.033,00 денари или 90,15%.

**Вкупните приходи на основниот Буџет на Општина Градско во 2025 година се реализирани со 97,55%.**

## На сметката Самофинансирачки активности планирани се и реализирани следните приходи

| | **Планирани** | **Реализирани** | **% на реализација** |
|---|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **460.000** | **261.850** | **56,92** |
| **71 Даночни приходи** | 0 | 0 | 0,00 |
| **72 Неданочни приходи** | **460.000** | **261.850** | **56,92** |
| 723 Такси и надоместоци | 460.000 | 261.850 | 56,92 |
| **74 Трансфери и донации** | **0** | **0** | **0,00** |



## На сметката Дотации планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **49.176.000** | **48.320.088** | **97,55** |
| **74 Трансфери и донации** | **49.176.000** | **48.320.088** | **97,55** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 49.176.000 | 48.320.088 | 97,55 |




***сл.3 Вкупни приходи сметка Дотации***

*Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени на наменската сметка за блок дотации*

**Во сметката за Дотации планирани се приходи со вкупен износ 49.535.444,00 денари, на оваа сметка има остварување на приход од 48.320.088,00 денари или 97,55% средства кои ги добива општината како блок дотација за основно образование.**

## На сметката Донации планирани се и реализирани следните приходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | **2.340.310** | **2.340.310** | **100,00** |
| **74 Трансфери и донации** | **2.340.310** | **2.340.310** | **100,00** |
| 741 Трансфери од други нивоа на власт | 1.466.134 | 1.466.134 | 100,00 |
| 742 Донации од странство | 874.176 | 874.176 | 100,00 |




***сл.4 Вкупни приходи сметка Донации***

*Графичкиот приказ покажува колку средства се остварени од Донации локалните јавни установи*

До крајот на 2025 година остварени се приходи по основ на Донации и тоа:

**Во сметките за Донации планирани со вкупен износ 2.340.310,00 денари донација од УНДП за реализација на капитални проекти. Со овие средства реализирани се два проекти: Реконструкција на детско игралиште на КП 389 КО Градско во вредност од 1.466.134,00 денари и Изработена е техничка документација за Изолација на објекти со современи фасадни системи и реконструкција и изолација на покриви на училишни објекти во Градско во висина од 874.176,00 денари.**

## 2.2 РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА

Законските прописи и програмското планирање се основа за планирање на расходната страна на буџетот на Општина Градско. Под програмско планирање се донесените програмите од страна на Советот на Општина Градско утврдени согласно со надлежностите.

Расходната страна на Основниот буџет на Општината Градско може да се прикажува по видови по сметки и програми. Согласно програмската класификација во Буџетот на Општина Градско се опфатени 20 буџетски програми. Реализацијата на расходите во текот на цела 2025 година е извршена како резултат на спроведени постапки за јавни набавки и **склучени 20 Договори за јавна набавка**, добиени **619 фактури** во одделението за финансиски прашања и други расходи предвидени согласно Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. 5/2002 и "Службен весник на РСМ." бр.202/24), и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.61/2004, 96/2004,22/2007, 67/2007, 156/09, 47/11, 192/15, 209/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.244/2019, 53/2021, 77/2021, 150/2021, 173/2022, 170/2024 и 37/2025).

### На сметката на основниот буџет на Општина Градско планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **85.787.195** | **81.149.823** | **94,59** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **17.692.000** | **17.555.414** | **99,23** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 11.050.000 | 10.972.585 | 99,30 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 4.212.000 | 4.162.545 | 98,83 |
| 404 Надоместоци | 2.430.000 | 2.420.284 | 99,60 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **100.000** | **100.000** | **100,00** |
| 413 Тековни резерви (недефинирани расходи) | 100.000 | 100.000 | 100,00 |
| **42 Стоки и услуги** | **15.152.658** | **13.761.956** | **90,82** |
| 420 Патни и дневни расходи | 50.000 | 50.000 | 100,00 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 3.887.745 | 3.494.855 | 89,89 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 2.966.000 | 2.744.347 | 92,53 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 2.700.000 | 2.492.694 | 92,32 |
| 425 Договорни услуги | 1.858.400 | 1.629.687 | 87,69 |
| 426 Тековни расходи | 1.990.513 | 1.683.638 | 84,58 |
| 427 Привремени вработувања | 1.700.000 | 1.666.735 | 98,04 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **9.228.118** | **8.558.047** | **92,74** |
| 461 Субвенции за јавнни претпријатија | 2.150.000 | 2.145.080 | 99,77 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 520.000 | 518.000 | 99,62 |
| 464 Разни трансфери | 6.418.188 | 5.763.130 | 89,79 |
| 465 Исплата по извршни исправи | 140.000 | 131.837 | 94,17 |
| **47 Социјални бенифиции** | **290.000** | **260.008** | **89,66** |
| 471 Социјални надоместоци | 290.000 | 260.008 | 89,66 |
| **48 Капитални расходи** | **43.324.419** | **40.914.398** | **94,44** |
| 480 Купување на опрема и машини | 3.933.801 | 3.933.801 | 100,00 |
| 482 Други градежни објекти | 39.382.618 | 36.972.597 | 93,88 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 8.000 | 8.000 | 100,00 |




*сл.5 Вкупни расходи сметка Основен буџет*

## Вкупни тековни оперативни расходи:

- **Ставка 401** - Основни плати реализирани се расходи во износ од 10.972.585,00 денари, од вкупно планираните во буџетот 11.050.000,00 денари или 99,30%.
- **Ставка 402** - Придонеси од социјално осигурување од работодавачите, реализирани се расходи во износ од 4.162.545,00 денари од вкупно планирани во буџетот 4.212.000,00 денари или 98,83%.
- **Ставка 404** - Надоместоци реализирани се расходи од 2.420.284,00 денари од планираните 2.430.000,00 денари или 99,60%.
- **Ставка 413** - Резерви и недефинирани расходи има реализација од 100.000,00 денари од планираните 100.000,00 денари или 100,00%.
- **Ставка 420** - Патни и дневни расходи реализирани се расходи во износ од 50.000,00 денари од планираните 50.000,00 денари или 100,00%.
- **Ставка 421** - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт реализирани се расходи во износ од 3.494.855,00 денари, од планираните 3.887.745,00 денари или 89,89%.
- **Ставка 423** - Материјали и ситен инвентар реализирани се расходи во износ од 2.744.347,00 денари, од планираните 2.966.000,00 денари или 92,53%.
- **Ставка 424** - Поправка и тековно одржување, реализирани се трошоци во износ од 2.492.694,00 денари од планираните 2.700.000,00 денари или 92,32%.
- **Ставка 425** - Договорни услуги реализирани се услуги во износ од 1.629.687,00денари од планираните 1.858.400,00 денари или 87,69%.
- **Ставка 426** - Други тековни расходи реализирани се во износ од1.683.638,00 денари, од планираните 1.990.513,00 денари во вкупниот буџет или 84,58%.
- **Ставка 427** - Привремени вработувања, реализирани се трошоци во износ од 1.666.735,00 денари, од планираните 1.700.000,00 денари или 98,04%.
- **Ставка 461** – Субвенции за јавни претпријатија реализирани расходи се 2.145.080,00 денари од планираните 2.150.000,00 денари или 99,77%.
- **Ставка 463** - Трансфери до невладини организации, реализирани се расходи воизнос од 518.000,00 денари, од планираните 520.000,00 денари или 99,62%.

- **Ставка 464** - Разни трансфери реализирани се расходи во износ од 5.763.130,00денари од планираните 6.418.188,00 денари или 89,79%.
- **Ставка 465** - Исплата по извршни исправи реализирани се расходи во висина од 131.837,00 денари од вкупно планираните 140.000,00 денари или 94,17%.
- **Ставка 471** - Социјални надоместоци, реализирани се расходи во износ од260.008,00 денари од планираните 290.000,00 денари или 89,66%.

### Вкупни капитални расходи:

- **Ставка 480** - Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ од 3.933.801,00 денари од планираните 3.933.801,00 денари или 100,00%.
- **Ставка 482** - Други градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 36.972.597,00 денари од планираните 39.382.618,00 денари или 93,88%.
- **Ставка 485** - Вложувања и нефинансиски средства се реализирани расходи во висина од 8.000,00 денари од планирани се 8.000,00 денари или 100,00% реализација.

## Извршување на расходите на ниво на програма:

Извршувањето на расходите на буџетската сметка за сите програми е со 94,59% односно од планираните 85.787.195 денари реализирани се 81.149.823 денари.

- Програмата А0-Совет на општината од планираните 5.180.000 денари реализирани се 5.055.195 денари односно 97,59%;
- А1-Изборни активности и референдуми од планираните 300.000 денари реализирани се 300.000 денари или 100,00%;
- Д0-Градоначалник од планираните 2.142.000 реализирани се 2.079.816 односно програмата е реализирана со 97,10%;
- Е0-Општинска администрација од планираните 25.860.026 денари реализирани се 24.314.024 денари или програмата е реализирана со 94,02%;
- ЕА-Капитални трошоци на општината од планираните 8.000 денари реализирани се 8.000 денари што е 100,00%;
- Ј3-Јавно осветление од планираните 2.300.000 денари реализирани се 2.243.171 денари или 97,53%;
- Ј5-Јавен локален превоз на патници од планираните 100.000 денари, реализирани се 93.600 денари односно 93,60%;
- Ј6-Одржување и заштита на локални патишта улици и регулирање на сообраќајот од планираните 860.000 денари реализирани се 854.899 денари односно 99,41%;
- Ј7-Одржување и користење на паркови и зеленило од планираните 300.000 денари реализирани се 289.800 денари или 96,60%;
- Ј8-Други комунални услуги од планираните 241.000 денари реализирани се 235.764 денари или 97,83%;
- ЈА- Изградба на јавно осветлување од планираните 2.073.876 денари, реализирани се 2.073.876 денари односно 100,00%,
- ЈД0-Изградба и реконструкција на локалните патишта и улици од планираните 5.933.179 денари реализирани се 5.425.103 денари или 91,44%;
- ЈДА – Модернизација на централното подрачје во Градско, развојна програма од планираните 4.479.405 денари реализирани се 4.479.405 денари или 100,00%;

- ЈДБ – Реконструкција на дел 2 од улица 8ми Септември во Градско, развојна програма од планираните 11.317.416 денари реализирани се 11.317.416 или 100,00%;
- ЈГ- Изградба на системи за водоснабдување од планираните 10.973.861 денари реализирани се 10.658.974 денари или 97,13%;
- ЈК-Јавна чистота (капитални расходи) планирани се 1.859.925 денари а реализирани се 1.859.925 или 100,00%;
- К4–Културни манифестации и творештво од планираните 2.169.750 денари реализирани се 1.972.414 денари или 90,90%;
- ЛО-Спорт и рекреација од планираните 370.000 денари реализирани се 368.000 денари или 99,46%;
- Н1-Основно образование од планираните 2.250.000 денари, реализирани се 2.063.959 денари или со 91,73%;
- НАА - Проширување и доградба на ООУ Даме Груев Градско со нов образовен објект, развојна програма каде од планираните 6.678.757 денари, реализирани се 5.091.699 денари или 76,24%;
- В1-Детски градинки од планираните 360.000 денари реализирани се 334.783 денари или 93,00%,
- Х1-Родова еднаквост – од планираните 30.000 денари, реализирани се 30.000 денари односно 100,00%,

## На сметката Самофинансирачки активности на Општината Градско планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **460.000** | **261.712** | **56,89** |
| **42 Стоки и услуги** | **460.000** | **261.712** | **56,89** |
| 420 Патни и дневни расходи | 60.000 | 14.700 | 24,50 |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 20.000 | 0 | 0,00 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали запоправка | 10.000 | 7.012 | 70,12 |
| 425 Договорни услуги | 360.000 | 240.000 | 66,67 |
| 426 Тековни расходи | 10.000 | 0 | 0,00 |



Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката **САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** се реализирани со 261.712,00 денари од планираните 460.000,00 денари или 56,89% и тоа:

- **Ставка 420** - Патни и дневни расходи планирани се расходи од 60.000,00 денари, реализирани се средства во износ од 14.700,00 денари или 24,50%.
- **Ставка 421** - Комунални услуги греење и транспорт планирани се расходи од 20.000,00 денари, реализирани се 0,00 денари односно 0,00%.
- **Ставка 423** - Материјали и ситен инвентар планирани се расходи во износ од 10.000,00 денари реализирани се 7.012,00 денари или 70,12%.
- **Ставка 425** - Договорни услуги планирани се расходи во износ од 360.000,00денари реализирани се во износ од 240.000,00 денари односно 66,67%.
- **Ставка 426** - Други тековни расходи планирани се расходи во износ од10.000,00 денари, реализирани се 0,00 денари односно 0,00% - нема реализација.

## На сметката Дотации на Општината Градско планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **49.535.444** | **48.320.088** | **97,55** |
| **40 Плати, наеминини и надоместоци** | **33.140.691** | **33.056.424** | **99,75** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 23.414.299 | 23.383.008 | 99,87 |
| 402 Придонес за социјално осигурување | 9.076.392 | 9.067.188 | 99,90 |
| 404 Надоместоци | 650.000 | 606.228 | 93,27 |
| **42 Стоки и услуги** | **10.299.306** | **10.275.018** | **99,76** |
| 421 Комунални услиги греење комуникација | 2.981.404 | 2.980.687 | 99,98 |
| 423 Ситен инвентар алат и други материјали за поправка | 974.018 | 966.678 | 99,25 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 2.061.010 | 2.055.577 | 99,74 |
| 425 Договорни услуги | 3.933.587 | 3.926.725 | 99,83 |
| 426 Тековни расходи | 349.287 | 345.351 | 98,87 |
| **46 Субвенции и трансфери** | **464.180** | **464.180** | **100,00** |
| 464 Разни трансфери | 464.180 | 464.180 | 100,00 |
| **48 Капитални расходи** | **5.631.267** | **4.524.466** | **80,35** |
| 480 Купување на опрема и машини | 1.786.779 | 1.059.979 | 59,32 |
| 482 Други градежни објекти | 2.444.488 | 2.444.488 | 100,00 |
| 483 Купување на мебел | 1.400.000 | 1.019.999 | 72,86 |




*сл.6 Вкупни расходи сметка дотации*

Вкупни тековно оперативни и капитални расходи за сметката на **ДОТАЦИИ** се реализирани се 48.320.088,00 денари од планираните 19.535.444,00 денари или 97,55%, сите расходи произлегуваат од надлежноста основно образование и тоа:

- **Ставка 401**-Основни плати и надоместоци од планираните 23.414.299 денари реализирани се 23.383.008 денари, односно 99,87%;
- **Ставка 402**-Придонес за социјално осигурување од планираните 9.076.392 денари, реализирани се 9.067.188 денари или 99,80%;
- **Ставка 404**-Надоместоци од планираните 650.000 денари реализирани се 606.228 денари или 99,76%;
- **Ставка 421**- Комунални услиги греење комуникација од планираните 2.265.800 денари, реализирани се 2.227.093 денари или 98,29%;
- **Ставка 423**-Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка од планираните 974.018 денари реализирани се 966.678 денари или 99,25%;
- **Ставка 424**-Поправки и тековно одржување од планираните 2.061.010 денари реализирани се 2.055.577 денари или 99,74%;
- **Ставка 425**-Договорни услуги од планираните 3.933.587 денари реализирани се 3.926.725 денари или 99,83%;
- **Ставка 426** -Тековно оперативни расходи од планираните 349.287 денари реализирани се 345.351 денари или 98,87%;
- **Ставка 464** -Разни трансфери од планираните 464.180 реализирани се 464.180 денари или 100,00%;
- **Ставка 480**-Купување на опрема и машини од планираните 1.786.779 денари реализирани се 1.059.979 денари односно 59.32%;
- **Ставка 482**-Други градежни објекти од планираните 2.444.488 денари реализирани се 2.444.488 денари или 100,00%;
- **Ставка 483**-Купување на мебел од планираните 1.400.000 денари реализирани се 1.019.999 денари односно 72,86 %.

## На сметката Донации на Општината Градско планирани се и реализирани следните расходи

| | Планирани | Реализирани | % на реализација |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **2.340.310** | **2.340.310** | **100,00** |
| **48 Капитални расходи** | **2.340.310** | **2.340.310** | **100,00** |
| 482 Други градежни објекти | 2.340.310 | 2.340.310 | 100,00 |




*сл.7 Вкупни расходи сметка донации*

Вкупни капитални расходи за сметката на **ДОНАЦИИ** се реализирани со 2.340.310,00 денари од планираните 2.340.310,00 денари или 100,00% и тоа:

- **Ставка 482** – Други градежни објекти од планираните 2.340.310 денари реализирани се 2.340.310 денари, односно 100,00%;

## 3.БИЛАНС НА СОСТОЈБА

### Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите насредствата и нивната вредност

Општината при изготвувањето на Завршната сметка покрај Билансот на приходи и расходи изготвува и Биланс на состојба кој е потребно да се преточи во објаснување во овој дел на Извештајот. Податоците кои се утврдени во Билансот на состојбата ја прикажуваат имотната состојба на општината.

За изготвување на Билансот на состојбата пореално, беше формирана пописна комисија со решение бр.09-22/1 од 09.01.2026 година од страна на Градоначалник, со цел да ја утврдат состојбата на недвижниот имот, основните средства и ситниот инвентар, како и побарувањата и обврските на Општината.

Пописната комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Градско за 2025 година е во состав:

- Душица Самарџиева- Претседател
- Лилјана Љуткова- член
- Мери Седмакова Димовска- член

Според извештајот на Пописната комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Градско за 2025 година, совесно и одговорно ја извршила својата задача и обезбедила податоци за постоечкиот имот кој се води во евиденцијата на Општина Градско.

Во Билансот на состојба се искажани следните податоци кои се совпаѓаат со извештајот на пописната комисија.

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 759.879.985,00 денари |
| Исправка на вредноста | 279.722.988,00 денари |
| **Сегашна вредност на градеж.објекти** | **480.156.997,00 денари** |

Вредноста на градежните објекти се однесува на објекти на општината, Изградба и реконструкција на локални патишта и улици, системи за водоснабдување, фекална канализација, спортски објекти, училишни објекти и други.

| | |
|---|---|
| **Опрема** | 12.132.037,00 денари |
| Исправка на вредноста на опремата | 9.844.200,00 денари |
| **Сегашна вредност на опрема** | **2.287.837,00 денари** |

Вредноста на опремата се однесува на превозни средства во сопственост на општината, информатичка технологија, мебел, и друга опрема која е во функција на општинската администрација и одговорното лице на институцијата.

| | |
|---|---|
| **Други материјални средства** | **2.210.940,00 денари** |
| Исправка на вредноста<br>на др. материјални средства | 1.584.508,00 денари |
| **Сегашна вредност на други материјални средства** | **626.432,00 денари** |

Другите материјални средства ја евидентираат вредноста на урбанистичкиот план на општината.

| | |
|---|---|
| **Нематеријални средства** | **69.593,00 денари** |
| Исправка на вредноста на нематеријалните средства | 53.354,00 денари |
| **Сегашна вредност** | **16.239,00 денари** |

Вредноста на нематеријалните средства произлегува од евидентираните софтвери кои се во функција на општинскта администрација за обавување на своите надлежности.

**Според извештајот на комисија за спроведување на попис на основни средства, побарувања и обврски во Општина Градско за 2025 година се констатирани следните состојби:**

Вкупно **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА на жиро сметките на Општината** на 31.12.2025 година: **6.391.098,00** денари од кои на :

- Буџетска сметка - 5.971.958,00 денари
- Сметка на наменска дотација - 359.444,00 денари
- Сметка на самофинансирачки активности - 59.696,00 денари

**ПОБАРУВАЊАТА се однесуваат на:** побарувања по основ на данок на имот за правни лица во износ од **3.295.842,00 денари**, данок на имот за физички лица е во износ од **1.007.126,00 денари**, побарувања по основ на комунална такса за истакнување на фирма во износ од **3.456.293,00 денари** како и евидентирани се побарување по основ на надомест за утврдување на правен стастус на бесправно изградени објекти во износ од **369.504,00 денари**.

Вкупно евидентирани побарувања на општината се евидентирани во износ од **8.128.765,00** денари.

Евидентирани се **23.188.052,00 денари** вкупно **ОБВРСКИ** заклучно со 31.12.2025 година и тоа по следните основи:

**Краткорочни обврски кон добавувачите во земјата 3.659.984,00 денари.**

Обврските се однесуваат за отворени обврски за фактурите или ситуации кои се пристигнати во арховата на Општина Градско заклучно со 31.12.2025 година.

**Утужени обврски 177.843,00 денари.**

Овие обврски се однесуваат на налози за извршување кон Медиа Принт Македонија (во стечај) во износ од 35.203,00 денари и допресметка на камата кон Електрон ББ во износ од 142.640,00 денари.

**Краткорочни обврски према граѓани 220.478,00 денари.**

Тоа се обврските за бруто износот од 170.478 денари за неисплатен надоместок за присуство на седница на совет во 2025 година, **обврска кон граѓани** за доделена стипендија за еден најдобар основец и еден средношколец во бруто износ од 50.000,00 денари

**Пресметка и обврски за бруто плати 1.319.366,00 денари.**
Ова е евидентирана обврска за бруто плата за месец 12/2025 година која се исплаќа во месец јануари 2026 година.

**Краткорочни обврски по основ на краткорони кредити и заеми од домашни лица 1.910.716,00 денари.**
Евидентирана обврска за позајмица од централен буџет на РМ.

**Други долгорочни обврски 15.899.665,00 денари.**
Ова се обврски по основ на склучен договор за Јавно приватно партнерство за замена на уличното осветлување со енергетски ефикасни ЛЕД светилки.

**Во класата 9- Извори на средства и вонбилансна евиденција 483.087.505,00 денари**.

Во класата 9 се евидентирани сегашните вредности на нематеријалните, материјалнитедобра, објектите дадени на користење на општината од Владата на Р.М, дел од капиталните инвестиции на општината, изградба и реконструкција на водоводни системи, канализациона мрежа и коловози во општина Градско, објекти и спортски објекти во сопственост на Општина Градско, добиените средства од домашно задолжување, возниот парк на Општина Градско , опремата , канцелариски мебел и др.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИТЕ ПРОГРАМИ, НАМЕНСКИТЕ, КАПИТАЛНИТЕ И БЛОК ДОТАЦИИТЕ ЗА ДЕЛЕГИРАНИ НАДЛЕЖНОСТИ

Извештајот за реализација на инвестиционите програми ја содржи групата 48 Капитални расходи која ги опфаќа: подготвување на проекти за улици, патишта, пречистителни станици, водоводи, енергетика и други објекти, изградба и реконструкција на улици и патишта, изградба и реконструкција на водоводи, изградба и реконструкција на пречестителни станици, изградба и реконструкција на капацитети во енергетиката и е реализирана во износ од **47.779.174,00 денари**.

| | |
|---|---|
| 480 - Купување на опрема и машини | 4.993.780,00 денари |
| 482 - Други градежни објекти | 41.757.395,00 денари |
| 483 - Купување на мебел | 4.993.780,00 денари |
| 485 - Вложувања и нефинансиски средства | 8.000,00 денари |

Меѓу реализираните капитални инвестиции на Општина Градско во 2025 година се следните:

- **Набавка на комбиниран багегер (ровокопач-натоварач) - СКИП (1 парче)**, со вкупна вредност од 4.099.925,00 денари набавен од фирмата М-Д РЕНТАЛС ДООЕЛ Скопје, по Договор за јавна набавка бр.05-319/10 од 06.11.2024 година, со датум на набавка 22.01.2025 година;
- **Реконструкција на дел 2 од улица 8-ми Септември во Градско,** инвестиција со вкупна вредност од 11.317.416,00 денари реализирана од страна на фирмата ОСД Кирил ДООЕЛ Штип, врз основа на Договор за јавна набавка бр.05-408/9 од 11.12.2024 година и Анекс на истиот со бр.05-111/6 од 07.03.2025 година, со датум на технички прием на објектот од 10.03.2025 година;
- **Реконструкција на дел од улица Јане Сандански во Градско,** инвестиција со вкупна вредност од 1.534.186,00 денари реализирана од страна на фирмата ЕМРАХ ИНТЕРТРАНС ДООЕЛ Зелениково, врз основа на Договор за јавна набавка бр.05-28/1 од 16.01.2025 година, со датум на технички прием на објектот од 13.03.2025 година;
- **Реконструкција на детско игралиште на КП 389 КО Градско - Општина Градско,** инвестиција со вкупна вредност од 1.446.134,00 денари реализирана од страна на фирмата ТУРБОИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, врз основа на Договор за јавна набавка бр.05-437/8 од 27.12.2024 година, со датум на технички прием на објектот од 14.03.2025 година;
- **Реконструкција на улица во с.Водоврати - крак на КП 1979 - Општина Градско,** инвестиција со вкупна вредност од 1.431.797,00 денари реализирана од страна на фирмата ЕМРАХ ИНТЕРТРАНС ДООЕЛ Зелениково, врз основа на Договор за јавна набавка бр.05-241/13 од 19.06.2025 година, со датум на технички прием на објектот од 21.07.2025 година;
- **Подобрување на водоснабдувањето во с.Виничани, бушење и изведба на бунар,** инвестиција со вкупна вредност од 690.347,00 денари реализирана од страна на фирмата МАСТЕР СЕРВИС ДООЕЛ Скопје, врз основа на Договор за јавна набавка бр.05-296/10 од 29.07.2025 година, со датум на технички прием на објектот од 14.08.2025 година;
- **Реконструкција на крак 7 во село Виничани, Општина Градско,** инвестиција со вкупна вредност од 1.510.697,00 денари реализирана од страна на фирмата ЕМРАХ ИНТЕРТРАНС ДООЕЛ Зелениково, врз основа на Договор за јавна набавка бр.05-335/10 од 02.09.2025 година, со датум на технички прием на објектот од 03.10.2025 година;
- **Реконструкција на крак од улица во село Ногаевци,** инвестиција со вкупна вредност од 466.841,00 денари реализирана од страна на фирмата ЕМРАХ ИНТЕРТРАНС ДООЕЛ Зелениково, врз основа на Договор за јавна набавка бр.05-336/10 од 02.09.2025 година, со датум на технички прием на објектот од 03.10.2025 година;
- **Реконструкција на крак 14 во село Виничани,** инвестиција со вкупна вредност од 675.215,00 денари реализирана од страна на фирмата ЕМРАХ ИНТЕРТРАНС ДООЕЛ Зелениково, врз основа на Договор за јавна набавка бр.05-336/10 од 02.09.2025 година, со датум на технички прием на објектот од 03.10.2025 година;
- **Подобрување на водоснабдувањето со питка вода за населба Градско со два цевководи (фаза 2),** инвестиција со вкупна вредност од 9.968.627,00 денари реализирана од страна на фирмата ТЕ-ТО ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Цветово, Студеничани, врз основа на Договор за јавна набавка бр.05-336/10 од 02.09.2025 година, со датум на технички прием на објектот од 03.10.2025 година;

За дел од инвестициите Општината имаше обезбедено сопствени средства во Буџетот за 2025 година, а дел од нив се обезбедени по пат на донација или со кофинансирање.

## 5. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

### за користење на средствата од резервите од Буџетот на Општина Градско за 2025 година

Во Буџетот на Општина Градско за 2025 година беа предвидени средства за тековна резерва (конто 413110 - тековни резерви, програма Д0-градоначалник), во висина од 100.000 денари.

Овие средства согласно Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско се реализираат врз основа на доставено барање кое го разгледува Советот на Општината, а за користење на средства од резервите до износ најмногу до 50.000 денари одлучува Градоначалникот.

Во продолжение е табеларниот приказ на Решенијата по кои е извршена реализацијата на овие средства од тековната буџетска резерва во 2025 година:

| Ред. бр | Бр. на Решение | Датум на Решение | ОПИС | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 09-306/10 | 12.11.2025 | Решение за исплата на средства врз основа на Одлука за доделување на средства од Буџетот на Општина Градско за 2025 година на **Љупче Лазовски** бр.08-407/11 од 10.11.2025 година - за покривање на трошоците за лекување на синот, долготрајно болничко лекување | **100.000,00** |

Резултатите во 2025 година не ќе беше можно да бидат постигнати без соодветна подршка на Советот на Општина Градско. Советот одржа вкупно 15 редовни седници и 2 вонредно сеници. Навременото и ефикасно донесување на одлуките позитивно влијаеше врз реализацијата на програмите на Општината.

Постигнатото го реализираше општинската администрација, организирана во 5 (пет) одделенија.

**Бр.08- 123/5**
**27.02.2026 год.**
**Градско**

**Претседател на Совет**
**на Општина Градско**
**Драгана Данева**

**18.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за измена и дополнување на одлука за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на одлука за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/4
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 23 став 8 од Законот за финансирање на едниците на локалната самоуправа( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21,173/22, 170/24 и 37/25), член 31 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21, 3/25 и 258/25), одредбите од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби во Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија (“Сл.весник на РСМ’’ бр.51/20 и 172/21), член 20 став 4 од Општиот колективен договор за јавниот сектор („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 154/23) и Колективниот договор за вработените во Општина Градско бр.01-200/1 од 29.03.2023 година и Анекс на Колективниот договор за вработените во Општина Градско бр.01-354/1 од 14.10.2024 година и член 12 став 1 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско бр. 02/06, 7/21, 4/22 и 11/23) по предлог на Градоначалникот, Советот на Општина Градско на 8 (осмата) седница одржана на ден: 27.02.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на одлука за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Градско за 2026 година бр. 08-475/5 од 25.12.2025 година во диспозитивот по делот Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05, 04/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) - пред заградата се става запирка и се додава: 3/25 и 258/25 се затвара заградата, одредбите од Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби во Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државното правобранителство, општините, градот Скопје и општините на градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија (“Сл.весник на РСМ’’ бр.51/20 и 172/21).

**Член 2**

Член 9 став 1 алинеја 1 се менува и гласи:

- Исплатата на платата за избрани и именувани лица ќе се врши согласно одредбите утврдени во Законот за исплата на плати и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија;

**Член 3**

Во Член 10 став 1 годината “2025” се менува со “2026” година**.**

**Член 4**

Во Член 14 по став 4 се додава нов став 5 и гласи:

Исплата на име надомест за годишен одмор за вработените во локалните јавни установи ќе се врши од Програма – Н1 - Основно образование, расходно конто 404110 – надомест за годишен одмор, согласно одредбите од Општиот колективен договор за јавен сектор и Колективните договори на ниво на гранка/дејност.

**Член 5**

Во Член 15 по став 3 се додава нов став 4 и гласи:

За вработените во локалните јавни установи, исплата на надоместоците од алинеја 1 и 2 на овој член ќе се врши од Програма – Н1 - Основно образование, расходно конто 464990 – Други трансфери согласно одредбите од Општиот колективен договор за јавен сектор и Колективните договори на ниво на гранка/дејност.

**Член 6**

Во Член 18 став 3 се менува и гласи:

Во случај на смрт на член на потесно семејство на вработениот (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во висина од 1 (една) просечна месечна нето плата по работник во РСМ објавена до денот на исплатата, а исплатата ќе се врши од Програма – Општинска администрација – Е0, расходно конто 464990 - други трансфери, односно Н1 - Основно образование за вработените во локалните јавни установи.

**Член 7**

Во член 19 по став 2 се додава нов став 3 кој гласи:

За вработените во локалните јавни установи Јубилејната награда ќе се исплаќа од Програма – Н1 - Основно образование, расходно конто 464990 – Други трансфери, согласно одредбите од Општиот колективен договор за јавен сектор и Колективните договори на ниво на гранка/дејност.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Градско“ а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Бр.08-123/6
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**19.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2026 година**

Се објавува Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2026 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/5
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Службен весник на Република Македонија бр. 66/2004; 139/2008; 99/2009; 149/2014; 150/2015 и 37/2016), Советот на Општина Градско, на седницата одржана на ден 27.02.2026 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на општина Градско за 2026 година**

Според законот, заштитата на населението од заразни болести претставува организирана општествена активност со цел да се спречи појавата, да се намали, отстрани или искорени ширењето на заразните болести, кои се од посебно значење за Република Северна Македонија.

Заради заштита од заразни болести се спроведува епидемиолошки надзор и се применуваат општи и посебни мерки, а по потреба се спроведуваат и вонредни мерки.

Епидемиолошкиот надзор го организираат епидемиолошките служби при Институтот за јавно здравје и Регионалните центри за јавно здравје.

Општите мерки за заштита од заразни болести ги програмираат и планираат општините, а ги предлагаат Центрите за јавно здравје.

Општи мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
2. Обезбедување на санитарно-хигиенски и други услови во производството, подготвувањето, чувањето и прометот на храната;
3. Отстранување на отпадни води и друг цврст и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадувањење на човековата околина (вода земјиште воздух);
4. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско технички мерки во населените места и други јавни површини;
5. Обезбедување на санитарно-технички и хигиенски услови во јавните објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, како и на јавни места;
6. Обезбедување на хигиенски исправна вода, вода во бањите, рекреативните базени, езера и други рекреативни објекти и природни лекувалишта;
7. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението;

Општите мерки ги организираат и следат единиците на локалната самоуправа и одредени правни лица, во соработка со центрите за јавно здравје.

Посебни мерки за заштита на населението од заразни болести се:

1. Откривање на извори на зараза (заболени или носители) и поставување на етиолошка дијагноза;
2. Пријавување на заразните болести;
3. Епидемиолошки истражувања;
4. Изолација, здравствен надзор, карантин, превози, задолжително лекување;
5. Имунизација и хемиопрофилакса;
6. Дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
7. Спроведување на здравствени-хигиенски прегледи;
8. Следење на интрахоспиталните инфекции и певземање мерки за нивна превентива;
9. Здравствена едукација.

**Посебните мерки** за заштита на населението од заразни болести ги планираат и извршуваат здравствените работници во референтни здравствени установи, според специфичната цел и мерки за кои се регистрирани.

Во услови на епидемии и катастрофи од пошироки размери се спроведуваат и вонредни мерки за заштита на населението од заразни болести кои ги предлага Комисијата за заштита на населението од заразни болести при Владата на Република Северна Македонија.

Спроведувањето на мерките за заштита на населението од заразни болести и средствата за нивно спроведување имаат приоритет во однос на спроведувањето на останатите мерки за

здравствена заштита. Со програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести се утврдуваат активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиски средства за спроведување на општите мерки во спречувањето и сузбивањето на заразните и другите заболувања на територијата на Општина Градско.

**Општите мерки** и активности ги организира и следи Општина Градско, во соработка и стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Велес и доставениот елаборат со акционен план за спроведување на превентивна дезинсекција и дератизација на подрачјето на општина Градско за 2026 година.

Заради заштита на населението од заразни болести во општина Градско, во 2026 година ќе се спроведат следните мерки:

1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување;
2. Отстранување на отпадни води и друг цврст и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадување на човековата околина (вода земјиште воздух);
3. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско технички мерки во населените места и други јавни површини;
4. Обезбедување на санитарно-технички и хигиенски услови во јавните објекти: училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, како и на јавни места;
5. Обезбедување на хигиенски исправна вода во бањите, рекреативните базени, езера, и други рекреативни објекти и природни лекувалишта;
6. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.

**1. Обезбедување на безбедна вода за пиење и контрола над исправноста на водата и објектите за водоснабдување.**

Согласно Одлука на Советот на Општина Градско водоснабдување на неколку населени места во општината врши ЈКП "Клепа" од Градско.

Општина Градско во 2026 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини исправна вода за пиење.

За да се обезбеди исправна вода за пиење за жителите, ќе се спроведат следните активности:

- Редовна контрола на квалитетот на водата за пиење од водоснабдителните системи, природните чешми и бунари.

По добивањето на месечен извештај за исправноста на водата за пиење општината односно ЈКП "Клепа" ќе ги превземе сите потребни активности за обезбедување на исправна вода за граѓаните.

- Редовно хлорирање на водата
- Навремено отстранување на секој настанат дефект во водоводната и канализиционата мрежа;
- Промотивни и други активности за рационално користење на водата за пиење.

**2. Отстранување на отпадни води и друг цврст и течен отпад на начин кој ќе оневозможи загадувањење на човековата околина (вода земјиште воздух);**

Според одлука на Општина Градско, организирањето, отстранувањето на цврст отпад и отпадни води го врши ЈКП "Клепа".

- ЈКП "Клепа" има склучено договори за собирање на цврст и друг безопасен смет со домаќинствата и останатите вршители на дејност, во населените места во општината и контуинирано ќе продолжи да вклучува нови корисници на оваа услуга, со цел вклучување во организираното собирање, транспортирање, и депонирање на смет, со што ќе се обезбеди здрава и чиста животна средина за сите граѓани на општина Градско.

Во договорот многу добро се прецизирани обврските на корисникот и давателот на услугата како што се:

- Фрлањето смет само во контејнерите и местата за таа намена;
- Редовно собирање, празнење на контејнерите, транспортирање и депонирање на сметот;

Други активности:

- Собирање на дивите депонии и транспортирање и одлагање на собраниот смет во депонијата "Голема Глава" кај Градско;
- Редовно ќе се оддржуваат постоечките а по потреба ке се направат и нови канали, за атмосферски води со цел да се оневозможи загадување на воздухот, водата и почвата.

**3. Вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација и други хигиенско технички мерки во населените места и други јавни површини;**

Законот за Заштита на населението од заразни болести налага превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во здравствени, училишни, предучилишни, социјални установи, објекти за производство и промет на храна, зелени пазари, автобуски стојалишта, канализации, депонии и друго.

Спроведувањето на дезинфекција, дезинсекција и дератизација во јавните установи и објекти ќе се врши врз основа на барање или склучени договори помеѓу ЈЗУ ЦЈЗ Велес, или други даватели на вакви услуги и корисниците на услугите.

**Превентивна Дезинфекција** ќе се врши во сите основни и подрачни училишта во периодот пред почетокот на учебната година и пред почетокот на второто полугодие.

**Дезинсекција** ќе се врши на целата територија на општината, со претходно мапирање на локациите и населените места каде присутството на комарците е поголемо, населените места низ кои течат реки, притоките, оризниците, депониите и сл.

Третирањето ќе се врши во март за ларвицидна дезинсекеција и во јуни, јули и август се врши адултицидна дезинсекција против возрасни комарци. Дезинсекцијата се изведува во раните утрински часови и тоа при поволни временски услови, без ветер, дожд и сл. Конкретните датуми се утврдуваат во зависност од метеролшките состојби.

При неповолни временски услови назначените термини се одложуваат за првиот поволен термин.

Заради безбедно и ефикасно извршување на работите, граѓаните навремено се информираат преку печатените и електронските медиуми за времето и начинот на спроведување на аеросолната дезинсекција.

Аплицирањето на средството го врши фирма регистрирана за таа дејност, која поседува соодветна потребна документација за вршење на ваква дејност.

Средството за спроведување на аеросолната дезинсекција треба да биде регистрирано и

одобрено од Министерството за здравство на РСМ како погодно средство за користење во урбани средини.

**Дератизација** ќе се врши во стамбените реони (јавни површини како што се парковите, игралиштата, пазарите, диви депонии и др.), во канализационата мрежа (во шахтите) и депониите за комунален отпад.

Системска дератизација се спроведува најмалку два пати годишно, а и повеќе пати годишно кога тоа е потребно и тоа го одредува надлежната санитарна инспекција.

Времето на изведување на дератизацијата треба да се изврши во текот на годината во две главни етапи и во периодот од март - јуни и септември - декември. Во овој временски период системската дератизација треба да се изврши во стамбени реони (јавни површини како што се пазарите дивите депонии и сл.) како и канализационата мрежа и депониите за комунален отпад или времени ѓубришта, водотеците на територијата на општината.

За вршење на превентивна дезинфекција, дезинсекција, дератизација Општина Градско во Буџетот за 2026 година предвидени се средства во износ од 236.000,00 денари од програма Ј8, подпрограма Ј80 - други комунални услуги, подставка 424 230.

**4. Обезбедување на санитарно-технички и хигиенски услови во јавните објекти**:

Училишни и предучилишни установи, објекти за исхрана, водоснабдување, други јавни установи, средства за јавен сообраќај, како и на јавни места;

Децата и учениците се најнезаштитената категорија на население. За заштита на нивниот интегритет, и нивна заштита од заразни болести како што се заразна жолтица и други цревни заболувања, во 2026 година ќе се продолжат редовните посети на училишните установи од страна на санитарниот и здравствен инспектор и лекарите од Центарот за јавно здравје.

Врз основа на направените контроли на терен, училиштата ќе добиваат извештај за стекнатата состојбата, со предлог мерки за подобрување.

**5. Обезбедување на хигиенски исправна вода вода во бањите, рекреативните базени, езера, и други рекреативни објекти и природни лекувалишта**

Следење на исправноста на водата на реките Вардар, Брегалница и Црна Река како поголеми реки на територијата на Општина Градско, како и Подлешко езеро кои од страна на населението се користат за рекреативно капење.

ЈЗУ Центар за јавно здравје прави анализа на водата од реките Вардар, Брегалница и Црна Река како и водата во Подлешко езеро. Доколку се констатира дека водата од реките и езерото е загадена, ќе се извести населението за да не се користат за рекреативно капење и ќе се превземат мерки за решавање на проблемот со загаденоста на реките.

**6. Обезбедување на превентивно-промотивни активности за унапредување на здравјето на населението.**

- Советување на населението како да се заштитат од заразни болести и советување на лицата заболени од заразни болести.
- Во зависност од случувањата ќе се спроведуваат и типизирани предавања на учениците од основните училишта.
- Следење на исправноста на водата за пиење од водоснабдителните системи со вршење на хемиски и бактероллошки анализи од страна на ЦЈЗ Велес.

Програмата ќе се финансира со средства од Буџетот на Општина Градско.

Бр.08-123/7
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**20.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско" бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско во период од 2026 до 2029 година**

Се објавува Програмата за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско во период од 2026 до 2029 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/6
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на чл.28, ст.3 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ" бр.149/14,149/15,53/16 и „ Службен весник на РСМ" бр. 65/23), Советот на Општина Градско на 8-та седница одржана на ден 27.02.2026 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Градско во период од 2026 до 2029 година**

## I. ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомни кучиња - скитници, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

Од страна на одобрено прифатилиште од Агенција за храна и ветеринарство ќе се изврши заловување на бездомни кучиња, нерегистрирани и регистрирани кучиња кои ке се затекнат на јавна површина без присуство на сопственикот.

За решавање на проблемот поврзан со зголеменото присуство на бездомни кучиња, односно за контрола на нивниот број, од страна на Светската здравствена организација за заштита на животните и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија, единствено е можен хуманиот начин на третирање на овие животни.

Хуманиот третман подразбира згрижување и заштита на животните, но и заштита на безбедноста и здравјето на граѓаните во општината.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општата цел на Програмата е определување на општи мерки и активности што треба да се превземат на територијата на општината за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и третман согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните.

## III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е определување на мерки и активности што треба да бидат превземени во периодот од **2026 година до 2029 година** за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња.

Активностите за хумано третирање на бездомни кучиња-скитници на територијата на Општина Градско ќе опфатат:

-заловување на животни,

-транспорт до прифатилиште,

-прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина,

-лабараториско испитување на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза.

-ветеринарно медицински третман на кучињата, овариохистеректомија и орхиектомија,

-постоперативно сместување и нега,

-вакцинација и дехелментација,

-обележување со микрочип,

-враќање на заловените кучиња на реонот на нивно заловување или вдомување на кучињата,

-еутаназија на кучињата согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство,

- едукација подигнување на јавната свест кај населението.

## IV. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

### IV.1 Заловување, транспорт, идендификација и евиденција

На територијата на Општина Градско која има 16 населени места, се проценува дека ќе има по околу 30 бездомни кучиња на годишно ниво.

Обучени лица кои поседуваат легитимација спроведуваат заловување на кучињата, а се обезбедени со соодветна униформа и средства за лична заштита.

Заловувањето се врши со следната опрема: возило, јамки-мрежи за заловување, пушка (сафари) за хемиско заловување на кучињата, корпи-кафези за транспорт, окулувратници и водилки. Транспортот се врши од местото на заловувње до прифатилиштето.

На лице место се врши теренската идентификација на посебни обрасци за евиденција и идентификација – секое заловено куче веднаш се евидентира, се заведуваат податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

Сите податоци ќе бидат внесени во информативниот систем на АХВ од страна на одобреното прифатилиште.

### IV.2 Престој во прифатилиште, ветеринарно-медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиштето, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кој од нив ги исполнуваат критериумите

за еутаназија.

Еутаназијата се врши:

-во согласност со важечките законски прописи и наредби;

-кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или -луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни, животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни;

-кога кучињата преставуваат опасност кон луѓето или другите животни и

-кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можност за вдомување.

-со кучињата кои ќе бидат позитивни на лајшманиоза ќе се постапува во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до Ветеринарно друштво кое е одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство и кое има договор за ветеринарно медицински третман на животните со прифатилиштето. Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизирааат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица.

Спроведување на тест за социјализација на куче од страна на лица овластени од Агенција за храна и ветеринарство. Кучињата кој ќе бидат прогласени за опасни може само да се вдомат, а не и да се вратат во реонот на заловување, односно со нив ќе се постапи согласно важечките законски прописи и наредби.

Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор. Изведувачот на Програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна – јама на соодветна комунална депонија а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето. Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и кучињата се третираат со средство против едно и ектопаразити.

Третираните кучиња и обележани со микрочип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативниот систем. Приоритет се дава на вдомување на животните.

### IV.3 Едукација и подигнување на јавната свест кај населението

Подигнувањето на јавната свест е клучна за справување и хуман третман на кучињата скитници. Изведувачот на Програмата е должен да обезбеди комуникација со граѓани преку разни форми на комуникација, да спроведува едукативни и промотивни активности за подигнување на јавната свест за постапување со бездомни кучиња, да организира акции и настани за вдомување на кучиња.

## V.ОБЕМ НА АКТИВНОСТИ

Се предвидува интензитетот на заловување и капацитетот на сместување во прифатилиште да ги исполнува условите за сместување на минимум 5 бездомни кучиња/месечно.

Согласно проценката на територијата на Општина Градско која има 16 населени места, се проценува дека ќе има по околу 30 бездомни кучиња годишно.

По реони / населени места:

| Реден број | Населено место /реон | Проценет/ број на бездомни кучиња | Динамика –период на заловување (месец, година) |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Населба Градско | 15 | Март-Октомври 2026, 2027,2028 и 2029 година тековно |
| 2 | Село Виничани | 5 | Април 2026,2027,2028 и 2029 година |
| 3 | Село Водоврати | 3 | Април 2026,2027,2028 и 2029 година |
| 4 | Село Горно Чичево | / | / |
| 5 | Село Грнчиште | / | / |
| 6 | Село Двориште | / | / |
| 7 | Село Долно Чичево | / | / |
| 8 | Село Згрополци | / | / |
| 9 | Село Кочилари | 2 | Мај 2026,2027,2028 и 2029 година |
| 10 | Село Куридаре | / | / |
| 11 | Село Ногаевци | 3 | Мај 2026,2027,2028 и 2029 година |
| 12 | Село Подлес | / | / |
| 13 | Село Скачинци | / | / |
| 14 | Село Убого | / | / |
| 15 | Село Уланци | 2 | Мај 2026,2027,2028 и 2029 година |
| 16 | Село Свеќани | / | / |

## VI. ИЗВЕДУВАЧ НА ПРОГРАМАТА

Годишната програма ќе ја реализира Заедничко јавно претпријатие – Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеинарно здравство -СТАЦИОНАР –ШЕПА Кавадарци кое ги исполнува условите за изведување на активности согласно закон.

## VII. БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на Програмата ќе се врши од Буџетите на Општина Градско за периодот од 2026 до 2029 година и во истите за реализација на програмата ќе бидат предвидени средства во износ од по **180.000,оо денари годишно,** а согласно Одлуката за основање на Заедничко јавно претпријатие – Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство -СТАЦИОНАР –ШЕПА Кавадарци донесена од страна на Советот на Општина Градско.

Општина Градско ќе изврши трансфер на средства на изведувачот на Програмата ЗЈП -СТАЦИОНАР –ШЕПА Кавадарци , согласно потребите и извршени активности, а врз основа на ценовникот донесен од страна на ЗЈП Стационар Шепа Кавадарци.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надзор над извршувањето на Програмата ќе врши Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина и локален економски развој.

За спроведените активности на терен, изведувачот е должен да изготвува квартални извештаи кој ќе бидат доставени до Градоначалникот и ќе бидат усвоени од Советот на Општина Градско.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-123/8
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**21.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Програмата за измена на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година**

Се објавува Програмата за измена на Програмата за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Градско за 2026 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/7
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), и член 12 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ број 06/05) Советот на Општина Градско на седница одржана на ден 11.12.2025 година донесе:

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА,ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГРАДСКО ЗА 2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на програмата за социјална заштита,заштита на децата и здравствена заштита за потребите на граѓаните на Општина Градско бр. 08-452/8 донесена од Советот на Општина Градско на ден: 11.12.2025 година.

**Член 2**

Во Програмата за социјална заштита,заштита на децата и здравствена заштита во Глава **III ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ЛОКАЛНО НИВО,** точка 1. **Бесплатна градинка**, делот „Висината на месечната партиципација за згрижување на деца на возраст од 2 до 6 години, изнесува 1500 ден“, Согласно Правилникот за утврдување на износот за надоместок на трошоците за престој на деца во ОЈУДГ „Димче Мирчев“, донесен под архивски бр: 08-78/1 на ден: 09.02.2026год. се менува и гласи:

1. Висината на месечната партиципација за згрижување на деца на возраст од 2 до 6 години, за целодневен престој ќе изнесува 1990 ден.

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-123/9
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**22.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за формирање на Локален совет за превенција**

Се објавува Одлуката за формирање на Локален совет за превенција, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/8
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Градско („Службен гласник на општина Градско“ бр. 2/06, 7/21, 4/22 и 11/23), а согласно член 11 став 3 и член 25 став 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21, 89/22, 160/25, 258/25 и 15/26), Советот на општина Градско на 8-та седница одржана на ден: 27.02.2026 година ја предлага следната

**ОДЛУКА**
**за формирање Локален совет за превенција**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Локален совет за превенција на општина Градско, како советодавно координативно тело заради остварување на соработка и зацврстување на влијанието на јавноста врз работата на полицијата.

**Член 2**

Целта на Локалниот совет за превенција на Општина Градско е изградба на заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност во локалната заедница, градење доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на јавната безбедност.

**Член 3**

Локалниот совет за превенција на Општина Градско е составен од преставници на локалната и централната власт, како и од преставници на други владини и невладини организации.

**Член 4**

Со Локалниот совет за превенција претседава Градоначалникот на Општина Градско.

**Член 5**

Преставници на Локалниот совет за превенција се:

1. Киро Нацков- Градоначалник на Општина Градско;
2. Драгана Данева- Претседател на Совет на Општина Градско;
3. Тоше Петревски- претставник од Совет на општина Градско;
4. Боне Спасовски- претставник од Совет на општина Градско;
5. Јованче Петров- претставник од МВР, Водич ПК Градско;
6. Милчо Теовски- ПЗУ Чаушевска -Кичуков Градско
7. Каролина Кирова- претставник од ООУ Даме Груев Градско
8. Ванчо Цветков- претставник од ЈКП „ Клепа “ Градско

Мандатот на членовите на општинскиот Локалниот совет за превенција е четири години.

**Член 6**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-123/10
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**23.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2026 година**

Се објавува Одлуката за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление- Водици 2026 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/9
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24) и член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен Весник на РМ“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.101/19, 275/19 и 122/21)

Советот на Општина Градско на седницата одржана на 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање подарок по повод верскиот празник Богојавление - Водици 2026 година**

**Член 1**

Општина Градско на лицето Дарко Иванов од Градско, по повод верскиот празник Богојавление - Водици 2026 година му подарува златно ланче и златен крст во вредност од 25.000,00 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Градско.

Бр.08-123/11
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**24.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Гевгелија (за вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор од Одделението за инспекциски надзор - инспекторат од општинската администрација на Општина Гевгелија за потребите на Општина Градско)**

Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Гевгелија (за вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор од Одделението за инспекциски надзор - инспекторат од општинската администрација на Општина Гевгелија за потребите на Општина Градско), што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/10
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 12 од Статутот на општина Градско („Службен гласник“ бр. 2/06, 7/21, 4/22 и 11/23), а согласно Одлуката за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка бр. 09-185/1 од 28.01.2026 година донесена од Советот на општина Гевгелија,

Советот на Општина Градско на 8-та седница одржана на 27.02.2026 година донесе:

# О Д Л У К А
## за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Гевгелија (за вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор од Одделението за инспекциски надзор - инспекторат од општинската администрација на Општина Гевгелија за потребите на Општина Градско)

**Член 1**

Со оваа Одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка за вршење на надзор и инспекциски услуги од овластен градежен инспектор од Одделението за инспекциски надзор - инспекторат од општинската администрација на Општина Гевгелија за потребите на Општина Градско.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа Одлука ќе се остварува преку вршење на определени работи од страна на Општина Гевгелија за потребите на Општина Градско и истите ќе се имплементираат во општините преку формирање на заедничка комисија.

**Член 3**

По предлог на градоначалникот на секоја општина ќе се определат претставници, за формирање на посебна Комисија која ќе го предложи и изготви договорот за МОС, кој треба да биде потпишан од градоначалниците на општините кои воспоставуваат меѓуопштинска соработка.

**Член 4**

Постојаната заедничка комисија ја сочинуваат претставници од одделенијата за правни, општи работи и јавни дејности од секоја општина со која што воспоставува меѓуопштинска соработка.

**Член 5**

За претставник во комисијата од Општина Градско се определува Емилија Тасевска Колева, Советник за нормативни,правни работи и застапување.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-123/12
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**25.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**

Се објавува Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/11
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 14 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ“, бр. 05/2002 и „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), а во врска со член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), и член 12 од Статутот на општина Градско („Службен гласник на општина Градско “ бр. 2/06,7/21, 4/22 и 11/23), Советот на Општината Градско на 8-та седница одржана на 27.02.2026 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион**

**Член 1**

Се воспоставува меѓуопштинска соработка со општина Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Велес, Градско, Демир Капија, Лозово, Росоман, Чашка, Валандово, Дојран и Богданци заради заедничко вршење работи од надлежност на општините кои што се однесуваат на поефикасно и поекономично вршење на надлежностите на општините утврдени во член 22 од Законот за локална самоуправа, а кои се однесуваат на соработка за унапредување на економскиот развој на општините, преку соработка со управувањето со Повардарскиот регион (Општините Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Велес, Градско, Демир Капија, Лозово, Росоман, Чашка, Валандово, Дојран и Богданци) за промоција на поширокиот Повардарски регион како туристичка дестинација и стратешки развој на туристичка дестинација.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку формирање на Комсија за меѓуопштинска соработка помеѓу општините од Повардарскиот регион, согласно член 9 од Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Градско“.

Бр.08-123/13
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**26.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/12
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 12 од Статутот на општина Градско („Службен гласник на општина Градско“ бр. 02/06, 7/21, 4/22 и 11/23), Советот на Општина Градско на 8 (осмата) седница одржана на ден: 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на административните службеници во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година бр. 02-18/3 од 28.01.2026 година, донесена од страна на ВД Директорот на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци.

**Член 2**

Вредноста на бодот за исплата на плати на административните службеници за 2026 година е утврдена на износ од 81,60 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Градско“.

Бр.08-123/14
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**27.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/13
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 12 од Статутот на општина Градско („Службен гласник на општина Градско“ бр. 02/06, 7/21, 4/22 и 11/23), Советот на Општина Градско на 8 (четириесет и осмата) седница одржана на ден: 27.02.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услуги и помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за исплата на плати на давателите на јавни услугии помошно технички персонал во Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „ СТАЦИОНАР – ШЕПА“ Кавадарци за 2026 година бр. 02-18/2 од 28.01.2026 година, донесена од страна на ВД Директорот на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци.

**Член 2**

Вредноста на бодот за исплата на плати на давателите на услуги за 2026 година е утврдена на износ од 81,60 денари.

Вредноста на бодот за исплата на плати на помошно техничкиот персонал за 2026 година е утврдена на износ од 81,60 денари.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Градско“.

Бр.08-123/15
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**28.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучињаза период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучињаза период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/14
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36,став (2) од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), а во врска со член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 275/19, 82/20 и 89/22),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 27.02.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучиња за период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година**

**Член 1**

Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за покривање на материјална и нематеријална штета и процесни трошоци во судски постапки и постапки за медијација против ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за надомест на штета како последица од каснување од бездомни кучињаза период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година бр. 02-18/4 од 28.01.2026 година, донесена од страна на Управниот одбор на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Градско“.

Бр.08-123/16
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**29.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци со состојба од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци со состојба од 01.01.2025 до 31.12.2025 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/15
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36,став (2) од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24), а во врска со член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 275/19, 82/20 и 89/22),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 27.02.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци со состојба од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

**Член 1**

Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци со состојба од 01.01.2025 до 31.12.2025 година бр. 02-26/2 од 04.02.2026 година, донесена од страна на Управниот одбор на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Градско“.

Бр.08-123/17
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**30.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна-завршна сметка на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2025 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2025 година, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/16
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36,став (2) од Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), а во врска со член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на РМ“ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен Весник на РСМ“ бр. 275/19, 82/20 и 89/22),

Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 27.02.2026 година донесе,

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА за 2025 година**

**Член 1**

Советот на Општина Градско ја усвои Одлуката за усвојување на Годишна- завршна сметка на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци за 2025 година бр. 02-26/3 од 04.02.2026 година, донесена од страна на Управниот одбор на ЗЈП Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство СТАЦИОНАР ШЕПА Кавадарци.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на општина Градско“.

Бр.08-123/18
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**31.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за кофинансирање на проект**

Се објавува Одлуката за кофинансирање на проект, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/17
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 62, а согласно член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник“ бр. 2/06,7/21, 4/22 и 11/23), Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТ**

**Член 1**

Советот на општина Градско во рамки на Програмата за рамномерен регионален развој за 2026 година на Министерството за локална самоуправа- Биро за регионален развој за 2026 година., а во врска со предлог-проектот „Унапредување на животниот стандард во Вардарски плански регион, преку подобрување на патната инфраструктура во општините Неготино, Градско, Демир Капија и Чашка“, поднесен од страна на Центарот за развој на Вардарски плански регион во Бирото за регионален развој, донесува Одлука за кофинансирање на проект.

**Член 2**

Советот на општина Градско потврдува дека се обезбедени средства од Буџетот на општина Градско за 2026 година во висина од 381.470,00 денари од вкупниот износ кој изнесува 2.918.969,00 денари потребен за реализација на проектот „ Реконструкција на дел 7 од улица 8 Септември во Градско, општина Градско“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Градско.

Бр.08-123/19
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**32.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на парична помош за новороденче**

Се објавува Одлуката за доделување на парична помош за новороденче, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/18
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), и член 17 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ број 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23) Советот на Општина Градско на седницата одржана на ден 27.02.2026 година, решавајќи по барање бр. 08-126/1 од 23.02.2026 година за доделување на парична помош за новороденче од Зарифе Мемиши, Советот на Општина Градско донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на парична помош за новороденче**

**Член 1**

На Зарифе Мемиши од с.Уланци, Општина Градско со ЕМБГ xxxxx му/и се доделува парична помош за новороденче во износ од 20.000,00 денари.

**Член 2**

Средствата ќе бидат исплатени на сметка број xxxxx во xxxxx банка, програма А0, конто 471230, од Буџетот на Општина Градско.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Градско.

Бр.08-123/20
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**33.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/19
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Решавајќи по барање за доделување на финансиски средства од Здружението Фудбалски Клуб ТИМ ЛОКОМОТИВА 2018 Градско број 08-128/1 од 25.02.2026 година, Советот на Општина Градско донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства**

**Член 1**

На Здружението Фудбалски Клуб ТИМ ЛОКОМОТИВА 2018 Градско, му се доделуваат финансиски средства во износ од 300.000,00 денари за покривање на трошоци за учество на натпревари, тековни активности и набавка на спортска опрема.

**Член 2**

Средствата ќе бидат исплатени на на сметка број ххххх во ххххх банка од трансфери до спортски клубови, програма L0, конто 463120 од Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Градско.

Бр.08-123/21
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**34.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/20
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 2/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

Решавајќи по барање за доделување на финансиски средства од Мелиса Махмутовиќ од Градско со број 08-91/1 од 06.02.2026 година, Советот на Општина Градско донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства**

**Член 1**

На лицето Мелиса Махмутовиќ од Градско со ЕМБГ xxxxx му/и се доделуваат финансиски средства во износ од 20.000,00 денари, потребни за покривање на трошоци за лекување.

**Член 2**

Средставата ќе бидат исплатени на сметка број xxxxx во xxxxx банка од разни трансфери, програма А0, конто 464990 од Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Градско.

Бр.08-123/22
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**35.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за доделување на финансиски средства**

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/21
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 202/24) и член 17 од Статутот на Општина Градско (Службен гласник на Општина Градско бр. 2/06, 07/21, 04/22 и 11/23)

Решавајќи по барање за доделување на финансиски средства од Зулихана Реџепова од Градско со број 08-93/1 од 06.02.2026 година, Советот на Општина Градско донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на финансиски средства**

**Член 1**

На лицето Зулихана Реџепова од Градско со ЕМБГ 0605996485039 му/и се доделуваат финансиски средства во износ од 12.000,00 денари, потребни за покривање на трошоци за погреб на својата малолетна ќерка.

**Член 2**

Средставата ќе бидат исплатени на сметка број 210501687131137 во Тутунска банка од разни трансфери, програма А0, конто 464990 од Буџетот на Општина Градско за 2026 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Градско.

Бр.08-123/23
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.

**36.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник" на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр. 202/24) и член 19 од Статутот на Општина Градско („Службен гласник на Општина Градско“ бр. 02/06, 07/21, 04/22 и 11/23),

Градоначалникот на Општина Градско, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за за поднесување на предлог за поведување на постапка за расправање на оставина по службена должност за КП 29/1 КО Градско**

Се објавува Одлуката за поднесување на предлог за поведување на постапка за расправање на оставина по службена должност за КП 29/1 КО Градско, што Советот на Општина Градско ја донесе на седница одржана на 27.02.2026 година.

Бр.09-137/22
02.03.2026год.
Градско

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Градско,
Киро Нацков с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр. 202/24) и член 121 од Законот за вонпарничната постапка („Службен весник на РМ“ бр.9/08), Советот на Општина Градско на 8 (осмата) седница одржана на ден: 27.02.2026 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за поднесување на предлог за поведување на постапка за расправање на оставина по службена должност за КП 29/1 КО Градско**

**Член 1**

Се задолжува Градоначалникот на општина Градско, да поднесе предлог за поведување на постапка за расправање на оставината на сега починатиот Петар Кузмановски по службена должност, поради непостоење на интерес за расправање на оставината на сега починатиот од страна на неговите наследници.

Оставината на сега починатиот е имот лоциран КП 29/1 КО Градско заведен во ИЛ бр. 1128, на кој имот починатиот е сосопственик со РСМ.

**Член 2**

Сосопственичкиот дел на РСМ на КП 29/1 КО Градско, изнесува 155/158 идеален дел и претставува земјиште под згради, легализирани на име на физички лица. Поради истото се наметнува потребата и правниот интерес како на општината така и на сопствениците на објектите, за издвојување на делот на РСМ се со цел да може да се изврши оттуѓување на градежното земјиште на сопствениците на објектите на наведената парцела согласно Законот за градежно земјиште.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Градско“.

Бр.08-123/24
27.02.2026год.
Градско

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Градско,
Драгана Данева с.р.